





# Концерт МИЗАР за црквата

На почетокот на месец септември (2005), на платото пред Домот на културата во Струмица на големо задоволство на насобраната публика се одржа отворен концерт на познатата македонска култ-група Мизар. Организатори на концертот беа Струмичката епархија, возглавена од нејзиниот Митрополит - г. Наум, како и градоначалникот на Струмица, г. Зоран Заев. Целта на концертот, како што на press конференцијата одржана во Домот на културата во Струмица истакнаа самите организатори и членовите на бендот, е собирање на средства потребни за изградба на новиот соборен храм посветен на Успението на Пресвета Богородица.




СПОНЗОР НА КОНЦЕРТОТ Е И ФОНДАЦИЈАТА ‘МОБИМАК ЗА МАКЕДОНИЈА’, КОЈАШТО НА ЕПАРХИЈАТА Ѝ ГО ОВОЗМОЖИ БРОЈОТ 070143132.

СО ЕДНО ВРТЕЊЕ НА ОВОЈ БРОЈ СЕ ДОНИРААТ 100 ДЕНАРИ ВО КАСАТА ЗА ИЗГРАДБА НА ХРАМОТ.









# на Успението на Богородица



Групата Мизар е основана во 1983, кога со првите демо-снимки тргнуваат на турнеја низ екс-Југославија заедно со Лајбах и Дисциплина кичме. Првиот албум го снимаат во Љубљана 1988, со продуцентот Горан Лисица - Фокс.
А последниот, албумот ‘Кобна убавина’ е сниман од јануари до јули 2003 во студиото *Тралала*, под продуцентската палка на Горазд Чаповски и Горан Трајковски, а е мастериран во љубљанското *Метро*, од страна на Јанез Крижај.
Мизар денес го сочинуваат вокалистот Горан Трајковски, гитаристот Горазд Чаповски, басистот Илија Стојановски, тапанарот Жарко Серафимовски и клавијатуристот Влатко Каевски.





